Јавно претпријатие за водоснабдување на водостопанство ...
Хидросистем Злетовица-Пробиштип
Бр. 04-396/50
15.07.25 год.

Врз основа на член 33 од Статутот на ЈП ХС Злетовица – Пробиптип, а во врска со член 23 став 4 од Законот за работните односи, Директорот на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип донесе

# ОДЛУКА
## за неизбор на 1 (еден) извршител на определено време до 31.12.2025 година за работно место Оператор за одржување на објекти/ Работник за одржување на брана со придружни објекти

1. За работното место Оператор за одржување на објекти/ Работник за одржување на брана со придружни објекти, со шифра КДР 0401 А01 123 во ЈП ХС Злетовица – Пробиштип, не се врши избор бидејки нема пријавено кандидати.
2. Донесената одлука ќе биде објавена на веб страната на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

На 05.07.2025 година во дневните весници "Нова Македонија", "Вечер" и "Коха" и на веб страната на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип и Агенцијата за вработување на РСМ објавен е Јавен оглас бр.01/2025 за вработување на определено време до 31.12.2025 година на 7 (седум) извршители во ЈП ХС Злетовица – Пробиштип.

Комисијата за селекција во постапката за вработување на определено време до 31.12.2025 година на 7 (седум) извршители во ЈП ХС Злетовица – Пробиштип, по пат на јавен оглас бр.01/2025, формирана од Директорот со решение бр.02-396/12 од 04.07.2025 година, изврши селекција на пријавените кандидати, за што состави записник бр.04-396/31 од 14.07.2025 година и спроведе интервју со уредно пријавените кандидати, за кое состави записник бр.04-396/39 од 15.07.2025 година.

Комисијата достави предлог за неизбор на кандидат по Јавниот оглас бр.01/2025, за работното место под реден број 5 Оператор за одржување на објекти/ Работник за одржување на брана со придружни објекти бидејки нема пријавено кандидати.

Врз основа на горенаведеново, Директорот на ЈП ХС Злетовица- Пробиштип одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управен одбор на ЈП ХС Злетовица- Пробиштип, во рок од 8 дена од денот на објавување на оваа одлука на веб страницата и на огласна табла на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип.

Пробиштип
15.07.2025

ЈП ХС Злетовица
Директор
Златко Стојановски

одобрил: Маја Стојчева